РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE
Број: / Numer: 03-5628/1
26.12.2025 година / viti
СКОПЈЕ - SHKUP

Врз основа на член 18 став 1 алинеја 22 и член 20 став 1 алинеи 1 и 15 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на РМ“ бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19 и „Службен весник на РСМ“ бр.42/20, 77/21, 154/23, 55/24, 193/24 и 247/25), член 15 став 1 алинеја 23 и член 41 став 1 алинеи 1 и 13 од Деловникот за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, арх.бр.01-3632/1 од 22.8.2025 година, а во согласност со Заклучокот на Советот на Агенцијата арх.бр.02-5529/8 од 25.12.2025 година, директорот на Агенцијата, донесе

# Годишен план за проценка на ризици од корупција на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2026 година

## 1. Вовед

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Агенцијата) како независно регулаторно тело коешто работи стручно, професионално и согласно високо поставени стандарди обезбедува доследна примена на медиумската легислатива, заедно со останатите субјекти во медиумската дејност ја поттикнува слободата на изразување, слободата на медиумите, медиумската писменост, разновидноста и квалитетот на медиумските содржини кои ги задоволуваат јавниот интерес и потребите на публиката, придонесува за непречен развој на аудиовизуелната област следејќи ги глобалните трендови и најновите технологии во однос на аудиовизуелните медиумски услуги.

Поаѓајќи од фактот дека корупцијата ги загрозува правата што им припаѓаат на граѓаните, ги дерогира законите и ја оневозможува правдата, го осиромашува општеството, ја поткопува правната држава и нејзината иднина, неопходно е борбата против корупцијата да биде постојана обврска на секој граѓанин и институција.

Агенцијата, со цел првенствено да дејствува превентивно во смисла на намалување на ризиците од корупција, постапувајќи по задолжението во Извадокот од Нацрт – записникот од Педесет и петтата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 28.06.2022 г., бр.41-17/55 (наш арх.бр.03-2853/1 од 18.07.2022 г., започнувајќи од 2022 г. секоја година носи Годишен план за проценка на ризици од корупција (ГППРК)[1] на Агенцијата, кој се објавува на нејзината веб страница.

[1] ГППРК на Агенцијата за 2022 г. (арх.бр.03-3083/1 од 09.08.2022 г.), ГППРК на Агенцијата за 2023 г. (арх.бр.03-4725/1 од 22.12.2022 г.), ГППРК на Агенцијата за 2024 г. (арх.бр.03-4730/1 од 22.12.2023 г.) и ГППРК на Агенцијата за 2025 г. (арх.бр.01-5298/1 од 26.12.2024 г.).

Агенцијата и во 2026 г. ќе продолжи да применува механизми со кои ќе се намалат ризиците од корупција во веќе дефинираните ризични области за корупција во рамки на нејзината надлежност и делокругот на работење, како и ќе идентификува нови ризици и соодветни мерки и активности за контрола и превенција на појавата на корупција. Во оваа насока, на превентивен и репресивен начин ќе се применуваат ефикасни и функционални механизми со кои ќе се намалат ризиците од корупција, со оглед дека мисијата на Агенцијата е континуирано да се стреми кон заштита и развој на плурализмот на аудио и аудиовизуелните медиумски услуги, да охрабрува и поддржува постоење на разновидни, независни и самостојни аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, како и заштита на интересите на граѓаните во областа на аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и обезбедување јавност во работата на радиодифузерите.

Преземањето активности за спречување корупција од страна на Агенцијата и во 2026 година ќе се разгледува од два аспекта:

- Екстерен аспект, односно кои активности ги презема Агенцијата, а се однесуваат на надворешното опкружување (надвор од Агенцијата), што може да направи Агенцијата на национално ниво во однос на дејноста од јавен интерес и
- Интерен аспект, односно кои мерки ќе ги преземе за да превенира и спречи корупција однатре во рамките на самата институција.

## 2. Реализирани активности и спроведени мерки на Агенцијата, согласно Акцискиот план за 2025 година, прилог на Годишниот план за проценка на ризици од корупција на Агенцијата за 2025 година

Агенцијата во 2025 г. согласно Акцискиот план за 2025 г., прилог на Годишниот план за проценка на ризици од корупција на Агенцијата за 2025 г. кој содржи преглед на ризикот, активностите, мерките, носителите/надлежните организациони единици, рокот за реализација, финансиските импликации и проценка на ризикот, во рамките на областите ги реализираше следните активности, и тоа:

- Во област 1: Индивидуален и институционален интегритет,
  - во однос на активноста **Унапредување на личниот и професионалниот интегритет и етика на вработените и именуваните лица**, а со цел намалување на ризикот **Несоодветно ниво на личниот и професионалниот интегритет на вработените и именуваните лица**, новоименуваните членови на Советот на Агенцијата и нововработените/ангажирани лица согласно точка 4.2 од Прирачникот за лицата за интегритет, во 2025 г. потпишаа Изјава за нулта толеранција кон корупција, со која се обврзаа кон почитување на стандардите за интегритет воспоставени во Агенцијата и ја промовираа својата заложба за подигнување на свеста за важноста на имплементацијата на системот на интегритет и обврските кои произлегуваат од непридржувањето до стандардите за интегритет. Воедно, во 2025 г., членовите на Советот на Агенцијата и нововработените/ангажирани лица потпишаа и Изјави со кои се потврдува дека се запознаени и дека доследно ќе ги почитуваат принципите во Кодексот за однесување на членовите на Советот и вработените во стручната служба на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, како и начинот на примената и преземање на одговорност за нивната примена.

- во однос на активноста **Развој и спроведување на политики и практики на управување со човечки ресурси за нивни професионален развој и надградба**, беше реализирана утврдената мерка - едукација на вработените во Агенцијата преку наменски обуки[2], при што дел од вработените лица во Агенцијата (девет лица) присуствуваа на 9 (девет) обуки, и тоа: обука во врска со online платформа и нови обрасци (eFormas in Public Procurement) за објавување на огласите за јавни набавки и известувањата за склучен договор во Службеното гласило на ЕУ (TED); обука во врска со управувањето и менаџирањето со човечките ресурси; обука во врска со континуирано професионално усовршување од областа на финансиите и сметководственото работење согласно Законот за вршење на сметководствени работи; обука поврзана со основите и рамките на родовата перспектива во стратешкото планирање и обука во врска со јавните набавки за примена на стандардите при подготовка на техничките спецификации, дефинирање на критериумите за утврдување способност. Воедно вработените во Агенцијата во 2025 г. учествуваа и на многу работилници и конференции и работни групи, поврзани со новини во Законот за архивски материјал и архивска дејност; со измена и донесување на нов Закон за електронски комуникации; работилница во врска со јавните набавки и финансии: Намалување на ризиците од жалби, управување на договорите за ЈН, поврзаност на планот за ЈН со финансискиот план и подобрување на квалитетот на жалбите; стручни курсови во врска со Microsoft Azure Administrator (Cloud Slice Provided); работилница/Обука на тема: „Европски мастер по справување со дезинформации"; панел-дискусија/работилница во рамки на завршната конференција на Твининг проектот „Зајакнување на капацитетите на АВМУ и МРТВ", посветена на темата „Дезинформации"; панел дискусија/работилница на тема Вештачката интелигенција во редакциите – предизвици на саморегулација и медиумска писменост; онлајн работилница на тема: Заштита на лични податоци – обврски и одговорности со новиот Правилник за безбедност на обработката на личните податоци; меѓународна регулаторна конференција 2025 г. одржана во период од 20-21.05.2025 г. во Скопје во организација на Агенцијата за електронски комуникации, како и конференции поврзани со медиумска писменост, медиумски плурализам, говор на омраза, дигитални интернет платформи, дигитална безбедност, избори итн.
- во однос на активноста **Посветеност на високото раководство во креирање на организациска култура на професионалност, законитост и нетолерантност на корупција**, беше реализирана утврдената мерка – едукација на вработените, со посебен акцент на ново вработените лица, при што во 2025 г., Раководителот на Службата за внатрешна ревизија како ново вработено лице во Агенцијата и Вишиот соработник - Лектор по македонски јазик во Одделението за поддршка на работата на директорот и односи со јавност при Секторот за поддршка на работата на директорот и на советот, се запознаа со важечките интерни акти, кодекси и прописи на Агенцијата, кои се однесуваат на спречувањето на корупцијата, како и за постапката за заштита од вознемирување на работното место.

---

[2] Називот на секоја помината/спроведена обука, период на реализација на обуката, организатор на обуката и потврда/извештај за успешно завршена обука се наведени во Годишниот извештај од реализирани обуки за 2025 г.

- во однос на активноста **Запознавање на вработените со елементите од системот за интегритет**, беше реализирана утврдената мерка - периодично информирање на вработените преку дистрибуирање на материјали поврзани со елементите од системот на интегритет, при што назначените лица за интегритет во Агенцијата на 28.11.2025 г. по електронски пат до вработените во Агенцијата и членовите на Советот доставија информативни материјали кои се однесуваа на судирот на интереси и етиката и етичкиот кодекс на однесување на вработените, и тоа: документот „Судир на интереси“ кој содржи основен поим, видови судир на интереси, насоки за препознавање на судирот на интереси, обврски на вработените и релевантни документи и документот „Етиката и етичкиот кодекс на однесување“ кој опфаќа основни поими, цели на етичкиот кодекс на однесување, основните етички вредности и етичка дилема.
- во однос на активноста **Практично спроведување на Упатството за постапување со подароци, погодности и гостопримства на Агенцијата**, беа реализирани утврдените мерки – исполнување на обврските согласно Упатството, водење на евиденција на примени подароци, грижа за прием, складирање и чување на подароците и доставување на копија од листата од евиденцијата до Државната комисија за спречување на корупцијата (ДКСК), на начин што во предвидениот рок овластеното лице за подароци во Агенцијата на 8.1.2025 г. со допис ја извести ДКСК дека во текот на 2024 г. во Агенцијата немало пријавени подароци.
- со цел намалување на ризикот **Постапување на вработените во спротивност со Стратегијата за управување со ризици на Агенцијата**, од страна на тимот за изработка на Стратегијата за управување со ризици на Агенцијата, во предвидениот рок за нејзина реализација, односно до крајот на 2025 г. се реализираше активноста – Ажурирање на постоечкиот Регистар на ризици[3] на Агенцијата за 2025 г. и редовната проверка на статусот на ризиците во регистарот, а со донесувањето на новата Стратегија за управување со ризици (2026 г. – 2030 г.), ќе се изработи нов регистар на ризици.

➢ Во област 2: Квалитет на работа во Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

- во однос на активноста **Доследна примена на процедурите за работните процеси во Агенцијата согласно сертификацијата ИСО 9001:2015**, беше преземена утврдената мерка - Проверка на почитување на процедурите од страна на интерните проверувачи и проверувачите на акредитирано сертификациско тело, на начин што во септември 2025 г. вработени лица во Агенцијата - овластени лица за интерна проверка, извршија интерна проверка, на две интерни процедури на Агенцијата (по случаен избор). Вработен во Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот на Агенцијата (СПРДИСА) и вработен во Секторот за информатичка поддршка и општи работи (СИПОР) на 26.9.2025 г. извршија проверка на почитувањето на ИСО процедурата - Нарачка и прием на стоки, ПК 8.4-2, во Секторот за финансии и логистика (СФЛ). Вработен во СФЛ и вработен во СИПОР на 26.9.2025 г. извршија проверка на почитувањето на ISO процедурата – Промена на сопственичка структура на радиодифузерите и поништување на одлука со која се дозволува спроведување на промена на сопственичката структура, ПК 8.2-2

[3] Регистарот на ризици за 2024 г. на Агенцијата се донесе на 23.12.2024 г. (арх.бр.03-5222/1 од 23.12.2024 г.)

во Секторот за стратешко планирање и заштита на авторски права (ССПЗАП). По завршените интерни проверки на двете процедури од страна на водечкиот проверувач - вработено лице во ССПЗАП изготвен е Кумулативен извештај од извршените интерни проверки на 10.11.2025 г. Воедно, во просториите на Агенцијата на 14.11.2025 г. согласно Планот за проверка беше реализирана Прва надзорна проверка, со опсег на сертификација: Регулација на аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, од страна на проверувачите на сертификациското тело Друштвото за услуги „ИНТЕРЦЕРТ" ДООЕЛ Скопје, акредитирано од Институтот за Акредитација за сертификација на системите за квалитет. Во Извештајот од проверката арх.бр.03/53-Н1-11/2025 од 25.11.2025 г. (наш арх.бр.03-5152/1 од 28.11.2025 г.), не беа констатирани неусогласености со барањата на стандардот ISO 9001:2015.

- во однос на <u>активноста</u> **Обезбедување сигурност и безбедност на документите и спречување на неовластен пристап до нив, при секојдневно користење на Системот за автоматско управување со документи (DMS)**, беше преземена утврдената мерка - Редовно одржување на системот за управување со документи, на начин што системот беше одржуван од страна на економскиот оператор кој беше избран по пат на јавна набавка во 2024 г. (за превентивно и адаптивно одржување на Системот за автоматско управување со документи, со времетраење на договор од 2 години). Воедно, вработените во сите организациони единици во Агенцијата во текот на 2025 г. го користеа ДМС - системот во секојдневното работење, со чија употреба се обезбедува сигурност и безбедност на документите и спречување на неовластен пристап до нив.
- во однос на <u>активноста</u> **Доследна примена на законските прописи за заштита на личните податоци**, во јули 2025 г. новоименуваните членови на Советот на Агенцијата и нововработените/ангажирани лица во Агенцијата потпишаа Изјава за тајност/доверливост на личните податоци. Исто така, преземени се дејствија во рамките на утврдената мерка - Проверка на почитување на законската регулатива од страна на назначените офицери за заштита на личните податоци (ОЗЛП) во Агенцијата, при што на 16.12.2025 г. во сите организациони единици во Стручната служба на Агенцијата беше извршена контрола на усогласеноста на работењето со прописите за заштита на лични податоци односно се изврши контрола на писмените овластувања за обработка на лични податоци и на постапката за потпишување на изјави за тајност и заштита на личните податоци од страна на вработените и ангажираните лица во Агенцијата. Еден од ОЗЛП на 27.1.2025 г. присуствуваше на онлајн работилница на тема: Заштита на лични податоци – обврски и одговорности со новиот Правилник за безбедност на обработката на личните податоци. Воедно, беше изработен Годишен извештај за извршени контроли од страна на ОЗЛП за 2024 г. (арх.бр.03-174/1 од 10.1.2025 г.). Во рамките на погоренаведената активност исто така од страна на ОЗЛП беше изработена и Годишна програма за работата на ОЗЛП за 2025 г. (Програма на планирани активности поврзани со Законот за заштита на личните податоци), арх.бр.03-97/1 од 9.1.2025 г.

➢ <u>Во област 3: Постапување по пријави за неправилности и пријави од укажувачи</u>
   - во однос на <u>активноста</u> **Подигнување на свеста на вработените во Агенцијата, директорот и членовите на Советот за можностите за постапување по Законот за заштита на укажувачите и подзаконските акти на Агенцијата**, преземени се дејствија во рамки на утврдената мерка -

Унапредување на знаењето за погоренаведениот Закон и Процедурата за начинот на постапување за заштитено внатрешно пријавување, на начин што на веб страницата на Агенцијата (во посебен дел), со цел обезбедување поголема видливост на постапката за поднесување пријави од укажувачи, објавени се: насоки за прием на пријави од укажувачи, податоци за овластеното лице за прием на пријави од укажувачи, посебен телефонски број, електронската адреса за прием на пријави: ukazuvaci@avmu.mk, поштенската адреса за прием на пријави: ул.Македонија бр.38, Палата Панко Брашнаров, Скопје, како и релевантните законски и подзаконски акти кои ја уредуваат оваа материја, и тоа: Законот за заштита на укажувачите, Упатството за прием на пријави од укажувачи, издвојување и обработка на податоците од пријавите и преземање мерки за обезбедување заштита на личните и другите податоци и укажувачи и Правилникот за заштитено внатрешно пријавување во институциите во јавниот сектор.

- во однос на <u>активноста</u> **Постапување во согласност со Законот за заштита на укажувачи, подзаконските акти, Упатството за прием на пријави од укажувачи, издвојување и обработка на податоците од пријавите и преземање мерки за обезбедување заштита на личните податоци и другите податоци на Агенцијата**, во предвидениот рок за нејзина реализација, од страна на овластеното лице за прием на пријави од укажувачи во Агенцијата, беа изработени Полугодишен извештај за примени пријави од укажувачи, за втората половина на 2024 година (периодот од 01.07.2024 г. до 31.12.2024 г.), арх.бр.03-94/1 од 9.1.2025 г. и Полугодишен извештај за примени пријави од укажувачи, за првата половина на 2025 година (периодот од 01.01.2025 г. до 30.06.2025 г.), арх.бр.03-3469/1 од 13.8.2025 г. и истите беа доставени до ДКСК. Во втората половина од 2024 г./првата половина од 2025 г. до Агенцијата не е поднесена ниту една пријава од укажувачи.

➢ <u>Во област 4: Јавни набавки</u>

- со цел намалување на <u>ризикот</u> - **Несоодветно планирање на потребите и на постапките за јавни набавки**, беа преземени дејствија во рамките на утврдените мерки - Анализи и објективни проценки на јавните набавки и вклучување на повеќе лица во планирањето на јавните набавки, на начин што од страна на сите организациони единици во Агенцијата се вршеше анализа и реална објективна проценка на вредноста на постапките за јавни набавки кои беа планирани да се спроведат во 2025 г. и сите организациони единици во Агенцијата преку доставување на свои предлози за изработка на годишен план за јавни набавки беа активно вклучени во планирањето на јавните набавки.
- со цел намалување на <u>ризикот</u> **Недоволна контрола на Агенцијата врз имплементацијата на договорите за јавни набавки,** беше реализирана утврдената активност – Поголема вклученост на сите сектори во следење на имплементацијата на склучените договори за јавни набавки од нивна надлежност, со назначување лица за следење на реализацијата на Договорите, на начин што на 19.11.2025 г. во просториите на Агенцијата се одржа обука на тема: „Примена на стандардите при подготовка на техничките спецификации, дефинирање на критериумите за утврдување способност“, во рамките на која беше опфатен и аспектот на имплементација и реализација на договорите за јавни набавка, организирана од Друштво за консултантски услуги „АЦТ“ ДОО Скопје, на која

земаа учество 1 (еден) член на Советот на Агенцијата и 10 (десет) лица вработени во стручната служба на Агенцијата, кои се вклучени во изработката на техничките спецификации, барањата за отпочнување постапка за јавна набавка и кои ја следат реализацијата на склучените договори за јавни набавки од надлежност на нивните сектори, согласно Распоредот за јавни набавки.

- исто така, со цел поголема вклученост на сите сектори во погоренаведената активност, од страна на сите организациони единици во Агенцијата по секоја спроведена јавна набавка и проверка на испорачаната услуга од нивна надлежност, се подготвуваше извештај за извршена услуга со кој се потврдуваше дека набавката е извршена согласно дефинираните критериуми во тендерската документација, согласно прифатената понуда и договорот за јавна набавка. Воедно, повеќе лица вработени во СФЛ континуирано беа вклучени и во процесот на следење и реализација на договорите за јавни набавки, додека при прием на стока, вработен од СФЛ подготвуваше приемница со која се потврдуваше дека стоката е испорачана во целост со цена и количина согласно барањето на Агенцијата и договорот за јавна набавка. По извршување на плаќањето еден од вработените во СФЛ ја книжеше предметната фактура, додека друг вработен од СФЛ ја евидентираше фактурата во ексел табела во фолдер – „Заеднички документи", со цел да се евидентира плаќањето и да се води евиденција на спроведените договори, за да можат вработените во Агенцијата во секое време да имаат увид уште колку средства се останати согласно склучените договори,
- Воедно, во врска со наведената активност, од страна на внатрешниот ревизор од Службата за внатрешна ревизија (СВР) во Агенцијата, во периодот од октомври до декември 2025 г., спроведена е внатрешна ревизија врз процесот за евидентирање и пријавување на обврските на Агенцијата со која се обезбеди разумно уверување дека евидентирањето и плаќањето на обврските за извршени набавки на стоки и услуги се врши врз основа на реална поткрепувачка документација пропишана со интерните процедури и склучените договори. Исто така, во периодот од 10 до 30 декември 2025 г. Службата за внатрешна ревизија започна да спроведува ревизија врз процесот на спроведување на договорите за јавни набавки во Агенцијата во период од 01.01 до 30.09.2025 г. Ревизијата ќе се изврши во периодот од 10 до 30 декември 2025 г., а конечниот ревизорски извештај ќе се изготви најдоцна до 30 јануари 2026 г., и
- во текот на 2025 година не се пријавени обиди за влијание врз членовите на комисиите за јавни набавки.

➢ <u>Во област 5: Судир на интереси при спроведување надзор</u>
  - во однос на утврдената <u>активност</u> **Одржување високо ниво на отпорност кон корупција при надзорот и изрекувањето мерки преку доследно спроведување на ИСО процедурите, како и спречување на потенцијалните обиди за влијание или притисок при надзорот, изрекувањето мерки и вршење на внатрешна ревизија** беше реализирана утврдената мерка – Периодична проверка на почитувањето на ИСО процедурите при вршење надзор, обезбедување снимки, изрекување мерки и застапување пред надлежните судови, на начин што надворешни проверувачи - сертификациското тело Друштвото за услуги „ИНТЕРЦЕРТ" ДООЕЛ Скопје, на 14.11.2025 г. изврши проверка на почитувањето на ISO процедурата ПК 8.5-3 Надзор врз

програмите на радиодифузерите и беше констатирано дека таа доследно се почитува.

- Согласно точка 4 од Процедурата[4] за пријавување обиди за притисок при надзорот и изрекувањето мерки, од страна на Директорот на Агенцијата, во Агенцијата беше формирана Комисија за постапување по извршен притисок, со Решение, арх.бр.04-5248/1 од 3.12.2025 г.
  Во 2025 г. вработени од Секторот за програмски работи, согласно точка 5 од погоренаведената процедура, до Комисијата за постапување по извршен притисок на 12.12.2025 г. доставија Пријава за обид за притисок при вршење надзор, арх.бр.03-5363/1 од 12.12.2025 г. од страна на надворешен извор. Имено национална телевизија се обиде да изврши притисок врз вработени ангажирани во мониторингот на изборниот процес, а во врска со наодите од Извештајот од мониторингот во периодот од распишување на изборите до почетокот на кампањата за Локалните избори 2025 година, од 10 август до 28 септември. Притисокот беше и телефонски и во писмена форма и лично, на состанок одржан во Агенцијата. На медиумот му беше одговорено писмено, а обидот да му се предочат фактите и на состанокот беше неуспешен поради однесувањето на претставниците на телевизијата. Доставената пријава за обид за притисок при надзорот беше разгледана од страна на Комисијата за постапување по извршен притисок, за што е изготвен Одговор на Пријава за обид за притисок при надзор од страна на национална телевизија, арх.бр.03-5363/2 од 23.12.2025 г.
- Кај останатите сектори кои вршат надзори (ССПЗАП/СИПОР/СФЛ) во 2025 г. не беа забележани и не беа пријавени обиди за влијание или притисок при надзорот, ниту пак од вработените во СПРЈН беа пријавени обиди за влијание или притисок во постапките за застапување на Агенцијата пред надлежните судови во РСМ.
- со цел намалување на ризикот **Несоодветна примена на легислативата за управување на судирот на интереси,** согласно Процедурата[5] за управување на судирот на интереси и пријавување на дополнителен ангажман во текот на 2025 година не е пријавен судир на интереси од страна на вработените во Агенцијата.

## 3. Идентификувани области подложни на корупција во рамките на делокругот на работење на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

Врз основа на проценка на факторите кои влијаат на работењето на Агенцијата, како и во 2025 г. и со Годишниот план за проценка на ризици од корупција на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Агенцијата) за 2026 година, утврдени се 5 приоритетни области каде најчесто постои ризик за појава на корупција:

- Индивидуален и институционален интегритет;
- Квалитет на работа во Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги;

---

[4] Процедура за пријавување обиди за притисок при надзорот и изрекувањето мерки, арх.бр.03-3884/1 од 20.10.2022 г., со која се уредува пријавувањето обид за притисок при надзорот и изрекувањето мерки, начинот на пријавување и постапување по сторен обид за притисок.

[5] Процедура за управување на судирот на интереси и пријавување на дополнителен ангажман, арх.бр.02-5213/1 од 23.12.2024 г., во која се дефинирани должностите за спречување на судир на интереси, текот на постапка при постоење на судир на интереси или на потенцијален судир на интереси, почитување на должностите за пријавување, забрани и ограничување, одговорност за непочитување на должностите за пријавување интереси и спречување на судир на интереси и пријавување дополнителен ангажман.

- Постапување по пријави за неправилности и пријави од укажувачи;
- Јавни набавки и
- Судир на интереси при спроведување надзор.

Преку Акцискиот план за 2026 г., кој следува во продолжение, ќе се даде преглед на ризикот, активностите, мерките, носителите/надлежните организациони единици, рокот за реализација, фискалните импликации и проценка на ризикот, за реализација на активностите преку кои успешно би се имплементирале дефинираните мерки.

**Акциски план за 2026 година**

**Област 1: Индивидуален и институционален интегритет**

| *Ризик* | *Активност* | *Мерка* | *Носител/Надлежна организациона единица* | *Рок за реализација* | *Финансиски импликации* | *Проценка на ризик*[1] |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Несоодветно ниво на личниот и професионалниот интегритет на вработените и именуваните лица | Унапредување на личниот и професионалниот интегритет и етика на вработените и именуваните лица | Периодични проценки на работните процеси со цел идентификување на нивната ранливост од корупција | Раководители на организациони единици/директор/заменик на директорот/ членови на Совет | на шест месеци | нема | контролиран |
| | Развој и спроведување на политики и практики на управување со човечки ресурси за нивни професионален развој и надградба | Едукација на вработените преку наменски обуки, со посебен акцент на ново вработените лица | Сектор за правни работи и јавни набавки, вклучувајќи ги сите организациони единици | континуирано | нема | контролиран |
| | Посветеност на високото раководство во креирање на организациска култура на професионалност, законитост и нетолерантност на корупција | | Раководители на организациони единици/директор/заменик на директорот/ членови на Совет | континуирано | нема | контролиран |
| | Запознавање на вработените со елементите од системот за интегритет | Периодично информирање на вработените преку дистрибуирање на материјали поврзани со елементите од системот на интегритет | Лица за интегритет | континуирано | нема | контролиран |
| Постапување на вработените во спротивност со Кодексот на однесување и Упатството за | Практично спроведување на Упатството за постапување со подароци, погодности и | Исполнување на обврските согласно Упатството | сите организациони единици/директор/заменик на директорот/ членови на Совет | континуирано | нема | контролиран |
| | | Водење на Евиденција на примени подароци | | | | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| постапување со подароци, погодности и гостопримства на Агенцијата | гостопримства на Агенцијата | Грижа за прием, складирање и чување на подароците | Сектор за поддршка на работата на директорот и на Советот на Агенцијата<br>(овластено лице за подароци за Агенцијата) | континуирано | нема | контролиран |
| | | Доставување на копија од листата од евиденцијата до ДКСК | | најдоцна до 31-ви март 2026 г. | | |
| Постапување на вработените во спротивност со Стратегијата за управување со ризици на Агенцијата | Ажурирање на постоечкиот Регистар на ризици и редовна проверка на статусот на ризиците во регистарот | Воспоставување на систем за управување со ризици од корупција | Тим формиран со Одлука, арх.бр.02-2074/1 од 18.03.2015 г., за изработка на Стратегијата за управување со ризици на Агенцијата (Раководител и Помошник раководител на СФЛ, вработен во ССПЗАП и внатрешниот ревизор при СВР) | континуирано | нема | делумно контролиран |
| | Изработка на нов Регистар на ризици за 2026 г., согласно новата Методологија за управување со ризици во јавниот сектор, донесена од Министерство за финансии во 09.2025 г. | Воспоставување на систем за управување со ризици од корупција | Тим формиран со Одлука, арх.бр.02-2074/1 од 18.03.2015 г., за изработка на Стратегијата за управување со ризици на Агенцијата (Раководител и Помошник раководител на СФЛ, вработен во ССПЗАП и внатрешниот ревизор при СВР) | на крај на месец декември 2026 г. | нема | делумно контролиран |
| | Изработка на Стратегија за управување со ризици (2026 г. - 2030 г.) | Воспоставување на систем за управување со ризици од корупција | Тим формиран со Одлука, арх.бр.02-2074/1 од 18.03.2015 г., за изработка на Стратегијата за управување со ризици на Агенцијата (Раководител и Помошник раководител на СФЛ, вработен во ССПЗАП и внатрешниот ревизор при СВР) | во втората половина на 2026 г. | нема | делумно контролиран |

**Област 2: Квалитет на работа во Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

| ***Ризик*** | ***Активност*** | ***Мерка*** | ***Носител/Надлежна организациона единица*** | ***Рок за реализација*** | ***Финансиски импликации*** | ***Проценка на ризик*** |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Проверка на почитување на процедурите од страна на | | | | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Несоодветна примена на интерните процедури на Агенцијата | Доследна примена на процедурите за работните процеси во Агенцијата согласно сертификацијата ИСО 9001:2015 | интерните проверувачи и проверувачите на акредитирано сертификациско тело | Овластени лица за интерна проверка<br><br>Овластени лица од акредитирано сертификациско тело | континуирано | нема | контролиран |
| | Обезбедување сигурност и безбедност на документите и спречување на неовластен пристап до нив, при секојдневно користење на Системот за автоматско управување со документи (DMS) | Редовно одржување на системот за управување со документи | Сектор за информатичка поддршка и општи работи<br>Одделение за информатичка поддршка и технологии<br>сите организациони единици/директор/заменик на директорот/<br>претседател на Совет | континуирано | има | контролиран |
| Несоодветна примена на законската регулатива за заштита на личните податоци | Доследна примена на законските прописи кои ја уредуваат оваа материја | Проверка на почитување на законската регулатива од страна на назначените офицери за заштита на личните податоци во Агенцијата | Назначени офицери за заштита на личните податоци во Агенцијата | континуирано | нема | контролиран |
| | | Унапредување на знаењето на сите вработени лица во Агенцијата, за законската регулатива за заштита на личните податоци, преку споделување на материјали од обуки на кои присуствувале назначените офицери | Назначени офицери за заштита на личните податоци во Агенцијата | континуирано | нема | контролиран |
| **Област 3: Постапување по пријави за неправилности и пријави од укажувачи** | | | | | | |
| ***Ризик*** | ***Активност*** | ***Мерка*** | ***Носител/Надлежна организациона единица*** | ***Рок за реализација*** | ***Финансиски импликации*** | ***Проценка на ризик*** |
| Несоодветна примена на легислативата и на системот за | Подигнување на свеста на вработените во Агенцијата, директорот и членовите на | Унапредување на знаењето за Законот за заштита на укажувачите и Процедурата за начинот на постапување за заштитено внатрешно | | континуирано | нема | контролиран |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| заштита на укажувачите | Советот за можностите за постапување по Законот за заштита на укажувачите и подзаконските акти на Агенцијата | пријавување, преку увид во законските и подзаконските акти кои се достапни на веб страницата на Агенцијата | Лице задолжено за прием на пријави од укажувачи | | | |
| | Постапување во согласност со Законот за заштита на укажувачи, подзаконските акти, Упатството за прием на пријави од укажувачи, Издвојување и обработка на податоците од пријавите и преземање мерки за обезбедување заштита на личните податоци и другите податоци на Агенцијата | Изработка на полугодишен извештај за постапувањето по пријавите од укажувачи, за втората половина на 2025 г. и за првата половина на 2026 г. | | јануари 2026 година/ август 2026/ | нема | контролиран |

**Област 4: Јавни набавки**

| *Ризик* | *Активност* | *Мерка* | *Носител/Надлежна организациона единица* | *Рок за реализација* | *Финансиски импликации* | *Проценка на ризик* |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Несоодветно планирање на потребите и на постапките за јавни набавки | Поттикнување на континуирана доследност во почитувањето на релевантната легислатива и интерните ИСО процедури за сите лица кои учествуваат во процесот на јавни набавки | Анализи и објективни проценки на јавните набавки Вклучување на повеќе лица во планирањето на јавните набавки | Сите организациони единици во Стручната служба на Агенцијата | континуирано | нема | контролиран |
| Недоволна контрола на Агенцијата врз имплементацијата | Поголема вклученост на сите сектори во следење на | Извештаи за извршена услуга/испорачана стока од надлежната организациона единица | Сектор за правни работи и јавни набавки, одделение за јавни набавки | континуирано | нема | контролиран |